CSF TIRANA 2023

# Клучни Препораки

## на Тематската Работна Група за Клима и Зелена Агенда

Македонски

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS WESTERN BALKANS

Cooperation & Development Institute
Instituti për Bashkëpunim dhe Zhvillim

ΕΛΙΑΜΕΠ ELIAMEP
ΕΛΛΗΝΙΚΟ ΙΔΡΥΜΑ ΕΥΡΩΠΑΪΚΗΣ & ΕΞΩΤΕΡΙΚΗΣ ΠΟΛΙΤΙΚΗΣ
HELLENIC FOUNDATION FOR EUROPEAN & FOREIGN POLICY

IPECC

#CSFTirana2023

# ОТКЛУЧУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

Европската иднина на Западен Балкан

**Предводена од:**

**Институт за добро владеење и политики во животната средина и климатските промени (IPECC) (Северна Македонија)**

**Автори:**

Тони Поповски и Јадранка Иванова

**Соработници:**

Радица Коцева, Ермелинда Махмутај, Ивана Војиновиќ и Орнела Чучи

**Рецензија:**

Изабел Јоанидес

## За процесот

Овој Документ за политики е подготвен од Институтот за добро владеење и политики во животната средина и Климатски промени (IPECC) како лидер на Тематската работна група (ТРГ) за клима и Зелена Агенда при Форумот за Граѓанско општество и тинк тенк организации за 2023 година (CSF2023) на Берлинскиот Процес. Ставовите наведени во Документот за политики беа обликувани преку сеопфатен процес на консултации, вклучувајќи претставници од граѓанските организации, членови на ТРГ за Клима и Зелена агенда и засегнати страни од 6-те земји од Западен - Балкан (ЗБ6), истакнати експерти од ЗБ6 и Европската унија (ЕУ), како и преку работно истражување претставено во Воведни Трудови и увиди добиени преку  средби и застапувања. Процесот вклучува три консултативни состаноци во кои беа вклучени 266 засегнати страни и хибридна конференција на која присуствуваа 102 учесници. Овие препораки се резултат на насочен и сеопфатен напор на Тематска работна група за Клима и Зелена агенда.

Овогодинешните консултации беа фокусирани на темата „Инвестиции во зелена инфраструктура“, истакнувајќи ја притоа важноста на „Доброто владеење во животната средина“ и „Биодиверзитетот и заштита на природните ресурси“. Во овој документ темата „Инвестиции во зелена инфраструктура“ ги опфаќа проектните инвестиции насочени кон намалување на загадувањето, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на: третман на отпадни води, управување со отпад, одржлив транспорт и зголемување на природните решенија[1]. Главните предизвици и потребните активности во шесте земји на Западен Балкан (ЗБ6) беа заеднички мапирани, анализирани и поврзани со препораки со цел нивно ефикасно и ефективно решавање. Овие препораки ќе бидат претставени на лидерите на Европската унија (ЕУ) и ЗБ6 за време на Самитот на Берлинскиот процес во 2023 година, кој е планиран да се одржи во октомври 2023 година во Тирана.

*1 Како што е дефинирано во документот за Комуникација на ЕК 52013DC0249*
*https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A52013DC0249*

## Контекст на политиката на ЕУ и Западен Балкан за клима и Зелена агенда

Формулираните препораки се тесно поврзани и придонесуваат кон постигнување на клучните цели на Зелената агенда за Западен Балкан, која се потпира на регулаторните реформи во регионот со цел нивно усогласување со целите на Европскиот Зелен договор, како и релевантни инвестиции кои се дел од Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан (EIP), имплементиран преку механизмот на Инвестиционата рамка за Западен Балкан (WBIF). Зелената агенда за ЗБ6 се смета за клучен двигател на транзицијата кон модерна, јаглеродно неутрална, климатски отпорна и ефикасна економија во поглед на ресурсите на земјите од ЗБ и регионот.

За време на подготовката на Документот со политики и неговите составни препораки, увидите од редовните годишни извештаи објавени од страна на Европската комисија за напредокот на земјите од Западен Балкан во процесот на пристапување кон ЕУ, беа детално испитани и претставуваа клучна алатка за следење на усогласеноста на земјите кандидатки со стандардите и вредностите на ЕУ. Исто така, во предвид беше земена и новата методологија за пристапните преговори која започна во 2020 година, ставајќи го фокусот на релевантните преговарачки поглавја: Поглавје 22 – Регионална политика и координација на структурните инструменти во Кластерот 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, и Поглавје 27 – Животна средина и климатски промени во Кластерот 4 – Зелена агенда и Одржлива поврзаност.

Неодамнешните извештаи на Европската комисија за сите земји на ЗБ6 забележаа дека во однос на Поглавјето 27, Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија имаат достигнато одредено ниво на подготвеност, додека Босна и Херцеговина (БиХ) и Косово се во рана фаза на подготвеност. Од друга страна, во однос на Поглавјето 22, Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија се на средно ниво на подготвеност, додека БиХ и Косово се во рана фаза на подготвеност.

## Достигнување на законодавството предвидено со Зелената Агенда

Зелената Агенда е основниот столб во напорите на ЕУ кон земјите од Западен Балкан, особено бидејќи го води сложениот процес на интеграцијата во ЕУ. Таа се рефлектира во преговарачките кластери на поглавјата на ЕУ кои ја покриваат транспортната политика (Поглавје 14), енергијата (Поглавје 15), трансевропската мрежа (Поглавје 21) и животната средина и климатските промени (Поглавје 27). Искуството на некои од најновите земји - членки на ЕУ докажа дека имплементацијата на Поглавјето 27 претставува еден од финансиски најсложените аспекти во процесот на пристапување; исполнувањето на барањата од овој сегмент на законодавството бара значителни финансиски средства за развој на критичната инфраструктура, особено во областа на водата и управувањето со отпадот. Покрај тоа, достигнувањето на климатска неутралност бара дополнително финансирање во приватниот сектор кој ќе треба да вклучи еколошки, социјални и управувачки принципи (ESG) во нивните корпоративни политики и практики, како и намалување на нивните емисии. Инвестициите во зачувување на биодиверзитетот се клучни за постигнување на климатска неутралност; од таа причина, министрите на ЕУ повикаа на значаен удел, односно 30% од буџетот на ЕУ и трошоците на ЕУ за Следната Генерација кои ќе бидат наменети за справување со климатските промени, да бидат насочени кон биолошката разновидност и решенија засновани на природата за зачувување на биолошката разновидност.[2]

Дел од земјите на Западен Балкан направија проценка на инвестициските потреби кои се однесуваат на Поглавјето 27, целокупно или за одделни компоненти од законодавството, која покажува значителни трошоци за имплементација. Србија процени потреба од 12 милијарди Евра (од 2021 година)[3] за достигнување на барањата на Поглавјето 27, додека потребите на Црна Гора за имплементација на Акцискиот План за достигнување на одредниците за Поглавјето 27, опфаќајќи го периодот од 2021 – 2025 година, се проценети на приближно 483 милиони Евра.[4] Во 2017 година, Северна Македонија процени потреба од 1,2 милијарди Евра за имплементација на директивите на ЕУ кои се однесуваат на Урбани отпади води и Вода за пиење.[5] Финансиските потреби за имплементација на истите директиви од страна на Албанија изнесуваат 3,5 милијарди Евра.[6]

[2] https://data.consilium.europa.eu/doc/document/ST-11829-2020-INIT/en/pdf

[3] *Изјава на државниот секретар на српското Министерство за заштита на животната средина дадена за време на настанот за Дијалог на лидерите - „Имплементација на зелената агенда за економски и општествен просперитет на Западен Балкан“ одржана на 6-7 јуни 2023 година во Тирана*

[4] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Montenegro%20Report%202022.pdf

[5] *ИПА проект: Развој на национална студија за води, EuropeAid/136505/IH/SER/MK (2017)*

[6] *Проект финансиран од СИДА, Преговори за вода и поддршка за инвестициско планирање, Албанија (2023)*

Наодите на Европската комисија наведени во Годишните извештаи за напредок за 2022 година покажуваат дека ЗБ6 имаат слаб и ограничен административен капацитет, умерено ниво на усогласеност на законодавството на ЕУ, како и се во рана фаза на имплементација на законодавството кое се однесува животната средина. Опсежното законодавство на ЕУ за животната средина и климатските промени, кои уште повеќе забрзано се проширува со Зелениот Договор на ЕУ, дополнително го зголемува заостанувањето на реформите на земјите од Западен Балкан. Оваа ситуација ја зголемува потребата од дополнителни финансиски средства со цел ублажување на притисокот врз националните буџети за време на целиот период на пристапување кон ЕУ. Решавањето на овој диспаритет бара значајни и брзи инвестиции во секторот за животна средина и климатски промени.

Недостатокот на расположливи средства за финансирање на зелената инфраструктура претставува клучен предизвик со кој се соочуваат ЗБ6. Предизвикот дополнително го зголемува недоволниот и слаб административен капацитет за ефективно искористување на веќе обезбедените ЕУ фондови, додавајќи нов слој на комплексност на веќе постоечката тешка ситуација која произлегува од потребата за повеќе финансиски средства.

Посветеноста на ЕУ кон Зелената агенда за Западен Балкан и значителните инвестиции преку Економскиот и инвестицискиот план (EIP), ја нагласуваат важноста на доброто владеење со животната средина. Истовремено, тоа претставува единствена можност да се забрза транзицијата на регионот кон позелени економии. Поглавјата 22 и 27 имаат клучна улога во напорите на ЗБ6 кон постигнување на одржлив развој. Спроведувањето на овие поглавја бара значајни административни капацитети и стратешко планирање.

Постоечка рамка на инструментот за претпристапна помош (ИПА), иако претставува цврста основа за градење на капацитетите на земјите за планирање и управување со фондовите на ЕУ и спроведување на законодавството на ЕУ, ги покажа своите ограничувања во однос на постигнување на посакуваните резултати. Од таа причина, земјите од Западен Балкан бараат зголемување на иновативни механизми кои се засноваат врз принцип на солидарност, вклучувајќи ги логичката и оперативната рамка на Кохезионите фондови. Од клучно значење е ЕУ и земјите од Западен Балкан конечно да најдат начин за ефикасно имплементирање во пракса на основниот принцип на ИПА, кој има за цел оспособување на претпристапните земји со вештини потребни за управување со пост-пристапните фондови на ЕУ. Согласно наведеното, на земјите треба да им се дадат значајни можности да се здобијат со потребното искуство на патот кон членството во ЕУ.

Горенаведените фактори ја нагласуваат потребата од промена на парадигмата, која ги опфаќа дизајнот на поддршката за финансирање од ЕУ како и ре-конфигурирањето на нејзината управувачка структура и оперативни практики.

Промената треба да го земе предвид стремежот на земјите од Западен Балкан кон членство во ЕУ, потребата за создавање на ефективен систем ориентиран кон резултати наместо политичка коректност, заснован на принцип на повеќе нивоа на владеење, вклучувајќи ги регионалните, локалните и другите јавни власти, како и граѓанското општество и приватниот сектор.

# Препораки

## I - Подобрување на инвестициите во зелената инфраструктура во земјите од Западен Балкан

1

**1. Европската унија (ЕУ) треба дополнително да ја зголеми својата поддршка за земјите од Западен Балкан преку воспоставување на механизам за финансирање изграден врз солидарност и со пристап до повеќе нивоа на владеење.** Овој механизам како примарна цел треба да ги адресира финансиските потреби на земјите од Западен Балкан заради постигнување на усогласеност со законодавството на ЕУ и транзиција кон јаглеродно-неутрално општество. И покрај тоа што ИПА обезбедува солидна основа за развој на инструмент кој е близок со целите и оперативната логика на кохезионите фондови на ЕУ, сепак тој покажа одредени ограничувања во забрзување на интеграцијата на ЗБ6 и исполнувањето на стандардите на ЕУ. Европската комисија треба да предложи законски мерки за понатамошно адаптација и усвојување на овој механизам за финансирање, обезбедувајќи негово усогласување истовремено, со Кохезионата политка на ЕУ по 2027 година и со нејзината ефикасност, во повеќегодишната 2028 - 2035 финансиска рамка на ЕУ. Исто така, од суштинско значење е механизмот да вклучува активно учество на регионалните и локалните јавни власти, граѓанското општество и приватниот сектор, со што ќе се создаде силно чувство на сопственост кај засегнатите страни. Понатаму, **ЕУ треба да обезбеди програмирањето и управувањето со механизмот за финансирање да се засноваат на вкучителност и транспарентност** во текот на целиот животен циклус на проектите, од нивното првично планирање до нивното спроведување. Транспарентноста ја поттикнува вклученоста, ја зголемува одговорноста и помага да се ублажат предизвиците кои произлегуваат од бирократијата, ограничувањата на капацитетите и потенцијалните случаи на корупција.

2. **ЕУ, земјите од Западен Балкан, меѓународните организации и финансиските институции треба заедно да работат на воспоставување „Регионален центар на ЗБ6 фокусиран на инфраструктурни проекти“** со цел зајакнување на регионалната соработка преку заедничко планирање и унапредување на имплементацијата на проектите за зелена инфраструктура, како и привлекување и обединување вешти и искусни професионалци од регионот кои ја поседуваат потребната експертиза и способности. Очекуваните резултати би вклучиле забрзана мобилизација и апсорпција на европските, билатералните, мултилатералните и националните фондови, синергија и избегнување на дуплирање на напорите. Постоечките капацитети, како што се оние на Секретаријатот на транспортна заедница, треба да се искористат за идентификување и промовирање на проекти во транспортниот сектор, на пример, со регионално влијание.

3. **ЕУ и земјите од Западен Балкан треба да обезбедат доволна финансиска и административна поддршка на приватниот сектор во регионот, охрабрувајќи ги да вложуваат постојани напори кон сина и зелена/циркуларна економија.** Ова вклучува справување со управувањето со отпадот, рециклирањето, одржливото производство и ефикасното искористување на ресурсите, како и помош на комерцијалниот банкарски систем во земјите од Западен Балкан заради усогласување на финансиските услуги со барањата за животната средина на ЕУ.

## II - Подобрување на доброто владеење во животната средина и климатските промени, како суштински елемент за спроведување на Зелената Агенда

4. **Премиерите, министрите за финансии и министрите за животна средина во земјите од Западен Балкан треба да преземат брзи активности за зајакнување на капацитетите на националните власти и локалната самоуправа кои имаат надлежности во животната средина и климатските промени.** Овие активности треба да бидат придружени со фокусирани напори за зајакнување на ефективноста во програмирањето и управувањето со донаторските средства, посебно нагласувајќи ги поглавјата 22 и 27 и спроведувањето на Зелената агенда. Истовремено, треба да се формулираат и имплементираат силни политики за задржување на персоналот.

5. **Процесот на зајакнување на административните капацитети треба да се забрза, имајќи ја предвид итноста на прашањето.** Со тоа, земјите од Западен Балкан ќе бидат во подобра позиција при справувањето со сложеноста на усогласување со барањата на животната средина и постигнувањето на климатска неутралност, и во согласност со целите на процесот на интеграција во ЕУ и Зелената агенда. Националните и локалните административни структури треба да бидат подеднакво опфатени со континуирана техничка и финансиска поддршка. Граѓанските организации можат да имаат важна улога во задоволувањето на одредени потреби во поглед на капацитетите, и со тоа давајќи поддршка на земјите од Западен Балкан во спроведувањето на законодавството на ЕУ за животната средина и клима, како и постигнувањето на климатска неутралност.

## III - Зголемување на инвестициите за заштита на биодиверзитетот и природните ресурси, кои се најзначајни за ублажувањето и адаптацијата на климатските промени

6 **6. Лидерите на земјите од Западен Балкан треба да преземат одлучни мерки за обезбедување на одржливо финансирање посветено на зачувување и обновување на непроценливите природни ресурси во регионот.** Заштитата на биодиверзитетот и екосистемите е од суштинско значење за постигнување на климатска неутралност на земјите од Западен Балкан, па затоа и финансирањето за заштита на биолошката разновидност треба постепено да се зголемува со цел да достигне 30% од вкупниот национален буџет определен за заштита на животната средина и клима во следните пет години. Земјите од Западен Балкан треба веднаш да го усвојат законодавството за климатско насочување на националните буџети.

7 **7. Земјите од Западен Балкан треба проактивно да ги усогласат своите политики со „Стратегијата на ЕУ за биолошка разновидност за 2030 година - Враќање на природата во нашите животи“.** Во центарот на ова усогласување лежи спроведувањето на мерките за постигнување на целите за создавање на кохерентна мрежа на добро управувани заштитени подрачја и заштита на минимум 30% од копнената површина на Западен Балкан и 30% од водената површина (мориња), односно една третина која е или треба да биде строго заштитена. Ова претставува 10% од копното и 10% од морето на Западен Балкан.

8

**8. ЕУ треба да осигура минимум 30% од нејзините финансиски средства кои се однесуваат на климата во Земјите од Западен Балкан да мора да бидат инвестирани во биолошка разновидност и во решенија засновани на природата.** Овие решенија се од суштинско значење за негување на биодиверзитетот и средствата треба да се насочат кон подобрување на ефикасноста во управувањето со заштитените подрачја, обезбедувајќи усогласеност со стратегиите и барањата на ЕУ поврзани со Натура 2000, и стимулирање на локалната власт и жителите за да управуваат со руралните области преку имплементација на зелени бизниси, со цел запирање на понатамошната урбанизација и иселување од руралните средини. Треба да се издвојат и средства за заштита на загрозените видови и управувањето со прекуграничните кластери на заштитените подрачја и зелените коридори, обезбедувајќи долгорочна еколошка поврзаност во регионот и воспоставување на партнерства помеѓу различни органи задолжени за заштита на природата и заштитените подрачја, научни институции и граѓански организации од регионот.

IPECC
Институт за добро владеење и
политики во животната средина
и климатските промени